ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ
CITY RED CROSS OF SKOPJE

RCA-PHV
RED CROSS ACTION PROMOTION HUMAN VALUES
+ CITY RED CROSS OF SKOPJE




# КРАТОК ОПИС НА ИЗРАБОТЕНИ ПРОЕКТИ ЗА ЦИКЛУС 2009-2010

*И повторно неверојатни 113 мали проекти за добробит на заедницата. Секоја година мислиме дека сме/сте подобри и подобри. Си велиме наредна година нешто ќе смениме, ќе додадеме, ќе одземеме...Но Вие повторно влевате надеж, поворно позитивно не изненадувате со вашата енергија, мотив и елан за работа. Помагавте таму каде што најмалце очекувавме. Го пронаоѓавте насиромашните, најзаборавените и они кои мислеа дека се напуштени од сите. И тогаш Вие претставниците на Црвен крст влевавте трошка надеж за подобро утро.*

*Знам едно, ние мора да продолжиме заради вас, заради теренската работа и заради крајните корисници на терен. Они ве требат вас.*

*Читајте ја брошурата која ја кажува Вашата приказна. Покажете ја на Вашите родители, пријатели, роднини,,,,нека бидат горди со Вас. Нека знаат каде го поминувате времето и нека Ви дадат поддршка во Вашата работа.*

*А ние го чекаме новиот циклус и нови младинци за да го смениме нивниот свет.*

*И навистина светот може да биде подобро место за живеење. Зависи од сите нас .....*

*Со среќа, ЦКА-ПХВ тим*

## ООЦК Берово

## "Помош за срцето на Сандра да чука како сите безгрижни детски срца"

Целта на овој проект беше собирање на паричнисредства за помош за операција на малата Сандра од Берово со што и се овозможи и таа да го почуствува на своја кожа безгрижниот детски живот. Сандра боледува од срцева болест -меѓукоморен дефект и пулмонална стеноза која доведува до ритмологен проблем - постојана синусова тахикардија. За да се оствари ова цел беше организирана акција за собирање на парични средства во основните и средните училишта во Берово, во МВР-Подрачна единица Берово, Здравствен Дом, конфекции Лолотекс и Бетекс и локалните продавници .

Беа собрани парични средства во износ од околу 900евра.

Овој проект е оценет со: **5 + + + +** ☼ (идеја, истражување, акција, ефект)

**Изработиле:** Николија Шахпаска, Васко Ѓеоргиевски, Лорета Касмаска, Марија Пацанска и Наталија Пипонска.
**Дисеминатор:** Душанка Паговска

## ООЦК Берово

## "Хуманоста и надежта го трасираат патот до радоста до излезот од болката "

Целта на овој проект беше собирање на материјални средства во облик на облека, чевли, прехрамбени продукти, средства за лична хигиена, производи за домаќинство, како и вклучување на исклучена електрична енергија после 2 и пол години и помош за вработување на единствениот родител во семијството Демировски. Целната група е семејството Демировски од Берово составено од 5 члена.

После спороведената акција во повеќето од постоечките фирми во Берово и прехрамбените продавници каде што биле донирани овие продукти, проектот е реализиран успешно со тоа што биле собрани уште 19.400ден.

Проектот е оценет со: **5 + + + +** ☼ (идеја, истражување, акција, ефект)

**Изработиле:** Умленска Верица, Цикарска Елена, Бошначка Катерина, Атанасова Викторија, Каширска Ана и Најденова Саветка.
**Дисеминатор:** Душанка Паговска

## ООЦК Берово

## “Да го смениме кровот на куќата и да го сочуваме топлиот дом на семејството Кушовски”

Целта на овој проект беше менување на кров на куќа со цел сочувување на топлиот дом на семејството Кушовски. Целна група на овој проект беше семејството Кушовски од с.Владимирово, Беровско, кое се состои од 4 члена при што едното дете го посетува центарот за деца со попречен развој. За постигнување на оваа цел беше побарана помош од соселаните на семејството при што биле собрани над 20.000 ден., обезбедени потребни материјали за реконструкција на кровот, а реконструкцијата на кровот ја извршија двајца мајстори кои не бараа финансиски средства. Исто така беа донирани лекови кои им биле неопходни на семејството.

Проектот беше успешно реализиран со што кровот беше успешно завршен.

Проектот е оценет со: **5 + +** ☼ (идеја, ефект)

**Изработиле:** Сања Ѓеговска и Даринка Буровска
**Дисеминатор:** Душанка Паговска.

## ООЦК Берово

## “Ќе се потрудиме водата да ја обоиме црвено и во телото на Тунџај да потече црвена крв”

Целта на овој проект беше собирање на финансиски средства за лекување на младата Тунџај која живее во село Црник - Пехчево која што боледува од еден вид леукемија. Тунџај е ученик во втора година во СОУ Ацо Рисковски во Берово.

За успешна реализација на овој проект беа организирани собирни акции и притоа беа собрани 9100 денари.

Дел од парите кои беа уплатени на сметката на Тунџај беа донирани од страна на разни компании.

Овој проект е оценет со: **5 + + + +** (идеја, истражување, акција, ефект)

**Изработиле:** Умленска Верица, Цикарска Елена, Бошначка Катерина, Атанасова Викторија, Каширска Ана и Најденова Саветка.
**Дисеминатор:** Душанка Паговска

## ООЦК Берово

## "Крунисувањето на тажната смеа"

Сакајќи да му помогнат на Таневски Вања за да ја издаде својата прва книга„Крунисувањето на тажната смеа" младинците од Берово го изработија овој проект и за оваа цел да биде постигната младинците се обратија до сите ученици во гимназијата„Ацо Русковски" за добротворен прилог. Меѓутоа бидејќи собраните средства не беа доволни, учесниците во овој проект се обратија до градоначалникот на општина Пехчево и добија позитивен одговор. Со финансиски средства помогнале и самиот Таневски Вања и неговата мајка организирајќи уметничка изложба.

Биле собрани 15 000 денари.

Овој проект е оценет со: **5 + + +** ***(идеја, акција, ефект)***

**Изработиле:** Ана Станоевска, Ангела Бочварска и Борка Крамарска
**Дисеминатор:** Душанка Паговска

## ООЦК Берово

## "Пламените јазици го одзедоа нивниот дом, но да им помогнеме да го вратат нивниот сон"

Целта на овој проект беше собирање прехрамбени продукти и стара облека за помош на семејството Асанови на кои им беше опожарен домот на 30.12.2009. За оваа цел да биде постигната, учесниците во овој проект се обратија до поистакнатите фирми и маркети во Берово, но не беа прифатени. Потоа учесниците оставија кутија за донации која за миг беше наполнета од страна на хуманите граѓани. Беше организирана и добротворна акција за собирање на стари алишта и прехрамбени продукти во просториите на ООУ Дедо Ирњо Малешевски - Берово, и во просториите на Црвен Крст Берово. Дополнително биле донирани прехрамени продукти од Маркет Буги.

Биле собрани вкупно 5000 денари како и облека, прехрамбени производи и средства за лична хигиена.

Овој проект е оценет со: **5 + +** ***(истражување, акција)***

**Изработиле:** Монева Симона, Симоновски Гоце, Николовска Викторија, Фурнаџиска Анастасија, Гошевска Анита, Гошевска Даринка, Ѓорѓовска Ана, Костадиновска Ангела и Симевска Јасмина.
**Дисеминатор:** Душанка Паговска

## ООЦК Берово

## “Преку игра и забава учиме”

Учесниците во овој проект имаа за цел да им помогнат на децата без ротителска грижа во училишните обврски и задачи. Тие организирале работилница и едукативни игри за 5-те деца без родителска грижа од Групниот дом за деца без родители во Берово и им помогнале во училишните обврски. Посебно беше задоволството кога дознаа за поправената незадоволителната оцена по англиски јазик и со посебна мотивација продолжија понатаму.

Овој проект е оценет со: **5 + *(фаза 4, идеја, истражување, акција, ефект)***

**Изработиле:** Даринка Буровска и Сања Ѓеговска

**Дисеминатор:** Душанка Паговска

## ООЦК Берово

## “Пламените јазици ја голтнаа куќата и предизвикаа тага, но надежта сепак не згасна”

Целта на овој проект беше собирање на средства за обнова на опожарената куќа на г-ѓа Луиза од Берово. За да ја остварат оваа своја цел младите решиле да побараат парични донации и донации во форма на материјали потребни за возобновување на куќата од поголемите фирми во Берово. Исто така тие организирале и собирна акција во нивното училиште.

Успеале да соберат 9500 денари , како и неколку вреќи цемент, нов тепих, лустер и сл за опремување на нејзиниот дом.

Овој проект е оценет со : **4 + + *(идеја, акција, ефект, истражување - )***

**Изработиле:** Адријана Спенџарска, Антонио Спенџарски, Бранка Кацарска, Викторија Муртовска, Даниела Чаушка

**Дисеминатор:** Душанка Паговска

## ООЦК Берово

## "Да се обидеме да ја вратиме насмевката на тажните лица на семејството Алимановски"

Целта на овој проект беше помош на петточленото семејство Алимановски од Берово со финансиски средства, храна и облека. За да ја остварат својата цел младинците кои ги изработуваа овој проект побарале донации од голем број на фирми, претпријатија И маркети во Берово. Тие исто така организирале собирна акција на стара облека во своето училиште.

Со овој проект биле собрани 3800 денари, како и прехрамбени производи во износ од 3000 денари, поголемо количество на стара облека, како и садови за домаќинство.

Овој проект е оценет со: **4 + +** ***(истражување, акција)***

**Изработиле:** Виолета Муратовска и Горан Механџиски

**Дисеминатор:** Душанка Паговска

## ООЦК Битола

## "Пламените јазици го одзедоа нивниот дом, но да им помогнеме да го вратат нивниот сон"

Целта на овој проект беше обезбедување на материјална поддршка за реализација на сите четири ПХВ проекти со кои беа опфатени 25 деца од Депандасот, деца со лесен хендикеп од ОУ Ѓорѓи Сугарев, 10 стари и изнемоштени лица од руралните средини, 6 деца од повеќе училишта во градот. За реализирање на оваа цел беше организиран хуманитарен концерт во Домот на културата во Битола.

Беа собрани средства во вредност од 40 000 денари кои беа искористени за остварување на претходно замислените цели ( помош на 25 деца од Депандасот, децата со лесен хендикеп, 10 стари и изнемоштени лица од руралните средини, 6 деца од различни училишта во градот, на кои им се одржува дополнителна настава.)

Овој проект е оценет со: **5 + + +** ***(идеја, акција, ефект)***

**Изработиле:** Мартин Шишкин, Катерина Тилковска, Теодора Апостоловска, Марија Илкова, Александра Алчева, Марија Михајловска, Кристијан Георгиев.

**Дисеминатор:** Емилија Хаџиевска

## ООЦК Битола

# “Нашата помош-Голема радост за децата”

Целта на овој проект беше собирање на материјални добра за помош на децата од Депандансот во Битола. Овој проект беше наменет за дваесет И пет деца сместени во Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас (Депанданс) во Битола. За оваа цел да биде остварена младинците побарале донација од Про Кредит Банка Битола. Истата им била одобрена во висина од 10000 денари. Со добиените средства младите организирале новогоришна забава и дружење со штитениците на заводот на која им биле подарени И пригодни пакетчиња.

Овој проект е оценет со : **4**

**Изработиле:** Катерина Тиловска, Марија Михајловска, Теодора Апостоловска, Марија Илкова и Александра Алчева

**Дисеминатор:** Емилија Хаџиевска

## ООЦК Битола

# “Учиме заедно”

Целта на овој проект беше помош на шест деца во совледувањето на нините училишни задачи. Целна група на овој проект беа две девојчина од ромска националност на кои им требаше помош за совладување на материјалот потребен да положат вонредно 7 и 8 одделение и со тоа да го комплетираат своето основно образование, едно дете без родители од 6 одделение, како и три деца од 5,6 и 7 одделение кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.

За оваа цел да биде остварена младинците се срекаваа со секој ученик поединечно во просториите на Црвениот крст два- три пати неделно и им помагаа. Покрај помошта во учењето децата добивале и мала ужинка со секој дополнителен час.

Овој проект е оценет со **4 +** ***(идеја)***

**Изработиле:** Емилија Хаџиевска, Марија Михајловска, Маја Котевска и Даниела Котевска

**Дисеминатор:** Емилија Хаџиевска,

## ООЦК Битола

### "Стаите и сами лица не се заборавени"

Целта на овој проект беше помош на старите лица кои живеат сами во руралните краеви во Битолско. Целна група на овој проект беа 10 стари лица кои живеат сами во околните битолски села. Младите оваа своја цел ја оствариле преки посета И разговор со старите лица, донација на стара облека и кебиња, како и мерење на нивниот крвен притисок. Сето ова било направено за да ги потсетат дека иако живеат сами тие не се заборавени.

Проектот е оценет со **4**

**Изработиле:** Маја Котевска, Марија Михајловска, Марија Илкова и Кристијан Георгиев
**Дисеминатор:** Емилија Хаџиевска,

## ООЦК Валандово

### „Запознавање на децата од турска националност со македонскиот јазик"

Целта на овој проект беше децата од турската националност да научат македонски јазик како и донација на тетратки и сликовници. Оваа акција беше спроведена за децата од село Чалакли, Валандовско.

Овој проект е оценет со : **4 *(идеја +, документирање - )***

**Изработиле:** Ѓурѓица Илиева,Тамара Пандева, Драган Митев , Марко Шунтов.
**Дисеминатор:** Васе Митев

## ООЦК Велес

### "Со хуманост во иднина"

Целта на овој проект беше да и се помогне на самохраната мајка Драгица од Велес со финансиски средства за задоволување на здравствените, комуналните и други основни трошоци поврзани со лекувањето на нејзиниот син Мухамед, кој боледува од проширено срце, стеснета аорта, слаб слух, постојан бронхитис, алергии и не зборува. За реализирање на оваа замисла беа организирани: хуманитарен натпревар по карате, две хуманитарни забави и една собирна акција, при што се обезбедија околу 16.000 денари кои се донирани во семејството.

Проектот е оценет со: **5 + + + *(идеја, документирање, акција)***

**Изработиле:** Софија Андева, Цилакова Јулијана, Тошевска Викторија
**Дисеминатор:** Бојан Ников

## ООЦК Велес

## "Вашата помош нечија среќа"

Целта на овој проект беше да му се помогне на Ќазимов Исмаил, самохран татко за обезбедување на финансиски средства за еднократна хуманитарна помош. Лошата економска состојба и опстојувањето на самохраниот татко со три деца ја поттикна хуманоста на Велешани. За оваа цел да биде постигната беше успешно реализирана театарска претстава преку која беа обезбедени средства и беа набавени потребни намирници облека и храна.

Овој проект е оценет со: ***5+ (идеја, акција, документирање-)***

**Изработиле:** Благоја Несторовски, Ѓорѓи Љапов, Виктор Дафинчевиќ
**Дисеминатор:** Бојан Ников

## ООЦК Велес

## "Да и помогнеме на една самохрана мајка"

Целта на овој проект беше да и се помогне на самохраната мајка Силвана од Велес со обезбедување на средства за операција на нејзината 6 годишна ќерка Благица која боледува од дијабетис. За спроведување на операцијата беа потребни од 10.000-15.000 евра. За да се соберат дел од сретствата за лекување беше организирана манифестација под мотото "Благчето на баба" во соработка со здружението на жени пензионери при што беа собрани 13.000 денари.

На отворената трансакциска сметка префрлени се 10.000 денари од Локална самоуправа и 1.800 денари собрани од изложба на слики.

Вкупно беа собрани 24.800денари

Проектот е оценет со: ***5 + (фаза 4: идеја, истражување, акција, ефект)***

**Изработиле:** Катерина Пушева, Ана Ѓошева, Мимоза Анастасова,Мимоза Михајлова, Марија Шијакова, Емилија Накова и Дора Трајковска
**Дисеминатор:** Бојан Ников

## ООЦК Велес

## "Со хуманост во иднина"

Целта на овој проект беше собирање на финансиски средства за помош на 4 семејства од Велес чии куќи изгореа во пожар. Учениците за ова дознаа преку медиумите и веднаш се зафатија со изработка на проектот. Спроведоа собирна акција во средното училиште во Велес, исто така добија прехрамбени производи од неколку слаткарници во Велес и истите ги про-

дадоа пред офицерскиот дом. При тоа беа собрани 14.121 ден. кои им беа разделени на семејства и уплатени на нивните жиро сметки.
Овој проект е оценет со: **5 + (акција)**

**Изработиле:** Сандра Пехливановиќ, Теодора Саздова, Татијана Хаџи-Томева и Ели Апостолова
**Дисеминатор:** Бојан Ников

## ООЦК Велес

### "Мала помош - Голема среќа"

Целта на овој проект беше да им се помогне на семејството Ивчеви кои се во лоша здравствена и финансиска состојба. Ова семејсво го сочинуваат четири члена од кои мајката боледува од астма, рак на грлото и на дојката, нејзиниот сопруг боледува од перде на окото, а од двете деца едното боледува од астма, а другото има проблеми со слухот. За помош на ова семејство беше организирана хуманитарна средношколска забава, штанд со честитки за денот на вљубените, хуманитарна акција за собирање стари алишта и парични средства.
Беа собрани 2.075 денари.
Овој проект е оценет со: ***5 (фаза 4, идеја, документирање, акција)***

**Изработиле:** Марија Essa Ончева, Вероника Ивановска, Симона Коцевска, Јасмина Здравевска, Верица Ивановска, Мартина Штериова
**Дисеминатор:** Бојан Ников

## ООЦК Виница

### "Како индивидуа си капка заедно сме океан"

Целта на овој проект беше да и се помогне во лекувањето на малата Пејкер. Таа е 6 месечно девојче со здравствен проблем, поради кој и се потребни средства за лекување. За да се соберат дел од паричните средства потребни за лекување беше одржан концерт, а исто така беа собирани и поединечни донации.
Беа собрани вкупно 22.000ден.
Овој проект е оценет со: ***5 + + + (идеја, истражување, акција)***

**Изработиле:** Бојаџијоска Маја, Бојчевска Маја, Иванова Маријана, Јовановска Емилија, Синадинова Ана, Точева Бети.
**Дисеминатор:** Јадранка Илиева

## ООЦК Виница

## “Маските не ја кријат хуманоста”

Целта на овој проект беше да се разбуди културната свест и да се поттикне хуманоста кај населението во општина Виница, а истовремено и да се започне со една нова традиција -организирање на маскенбал по повод Прочка, кој ќе го опфати целокупното население во Виница. За оваа цел беше организиран хуманитарен маскембал во клубот ЕФФЕЦТ и беа собрани 20.000 денари. Собраните средства беа наменети за купување на основните намирници на пет загрозени семејства: три од село Блатец и две од село Трсино во Општина Виница

Овој проект е оценет со: **5 + + +** ***(идеја, истражување, акција)***

**Изработиле:** Сибел Сали, Кристина Петрова, Верица Каранфилова, Александра Анастасова
**Дисеминатор:** Јадранка Илиева

## ООЦК Виница

## ″Непотребното, направи го потребно″

Целта на овој проект беше да се разбуди хуманоста кај населението и да им се помогне на оние на кои тоа им е најпотребно. Целната група на проектот беа социјално загрозени семејства од општина Виница и лицата со хендикеп од Дневниот центар. За оваа цел се организираше собирна акција на алишта, обувки, играчки и училишен прибор.

Проектот е оценет со: **4** ***(акција, документирање - )***

**Изработиле:** Сара Митева, Викторија Маринова, Николина Тодорова, Ивана Ристова, Наталија Лазарова, Ана Петкова, Марија Митева
**Дисеминатор:** Јадранка Илиева

## ООЦК Гевгелија

## ″Насмевката секогаш вреди повеќе”

Целта на проектот беше да се посвети внимание на стари лица кои живеат сами. Организиран беше хуманитарен маскенбал во просториите на гимназијата од каде беа собрани околу 600 денари. Средствата беа искористени за купување на симболични поклони за бабичките, во чест на денот на жената 8 Март.

Проектот е оценет со: **3-** ***(идеја, истражување - , документирање -)***

**Изработиле:** Весна Стојменова, Фидора Поп-Гонова, Ивана Пајдакова
**Дисеминатор:** Виолета Костадинова

## ООЦК Гевгелија

## "Со информирање до здрав живот"

Целта на проектот брше информирање на младите (поточно женскиот пол) за ризикот од рак на матката. Предавањето беше одржано во просториите на гимназијата во Гевгелија, од страна на стручен доктор - гинеколог.

Проектот е оценет со: **2-** ***(истражување, документирање)***

**Изработиле:** Весна Стојменова, Фидора Поп-Гонова, Ивана Пајдакова
**Дисеминатор:** Виолета Костадинова

## ООКЦ Гостивар

## "Хуманитарен концерт за малиот Новески Емил"

Целта на овој проект беше организирање на концерт и собирање на донации од локалните институции со цел да се соберат паричи средства за лекување на малиот Емил. Емил е 11 годишно момче од Кавадарци болен од редок вид на леукемија. За да се оствари оваа цел беше организиран хуманитарен концерт чија публика броеше 800 гледачи. Исто така беа собрани донации од околу 50 фирми во градот.
Со сите активности биле собрани 80.000 ден.
Проектот е оценет со: **5 +++** ☼ ***(идеја, акција, ефект)***

**Изработиле:** Марија Спасовска, Слободан Јованоски, Каролина Рудски, Предраг Ристески и Зана Незири
**Дисеминатор:** Александра Лулкоска

## ООКЦ Гостивар

## "Хуманитарно собирање на облека"

Целта на проектот беше собирање на облека и други материјални средства за помагање на социјално загрозени семејства на територија на град Гостивар. Беа собрани 9 пакети со облека за сите возрасти.

Овој проект е оценет со: **2** ***(фаза 3 : идеја - , истражување -, документирање - )***

**Изработиле:** Евица Спасеска, Ленче Трпкоска, Анеса Јонузоска, Тања Данилоска, Симона Лазарова, Маја Ефтоска, Маријан Илиевски
**Дисеминатор:** Александра Лулкоска

## ООКЦ Гостивар

### „Штетното дејство на цигарите алкохолот и дрогата"

Целта на овој проект беше информирање на младите за штетното дејство на цигарите, алкохолот и дрогата, а оние кои веќе ги користат да престанат.

Овој проект е оценет со: **2-** ***(фаза 3: идеја -, истражување -, документирање -, акција-)***

**Изработиле:** Младите на ООЦК Гостивар

## ООЦК Дебар

### "Деца со посебни потреби - учествувај и помагај"

Целта на овој проект беше да им се помогне на оние на кои помошта најмногу им е потребна, а младинците од Дебар решија дека тоа се 10 деца со посебни потреби од Дневниот Центар во Дебар. Собрани беа 1.040 денари кои ги искористиле за изработка на новогодишни пакетчиња.

Проектот е оценет со: **4+** ***(документирање)***

**Изработиле:** Мирко Савевски, Александар Зафировски, Леонард Абазовски, Џељан Исмаиловска, Елмира Мече.

**Дисеминатор:** Јован Трајковски

## ООЦК Дебар

### "Помош која живот значи"

Целта на проектот беше да му се помогне на социјално загрозено лице Гезима Нуредини и нејзините три малолетни деца обезбедувајќи ги со пакети храна и облека. Оваа цел беше остварена преку собирни акции на храна, облека и покуќнина.

Овој проект е оценет со: **4+** ***(документирање)***

**Изработиле:** Бошко Трајановски, Еркин Ајроски, Мелика Џаферовска, Ферхан Ајроски, Зурата Солчевска

**Дисеминатор:** Јован Трајковски

## ООЦК Дебар

# "Помош на едно 8-члено семејство"

Целта на овој проект беше да се донираат пакети со основни прехрамбени продукти на семејството Селманоски од Дебар. Собирната акција беше и медиумски покриена од локалната телевизија.

Со собраните средства биле направени 6 пакети со храна.

Проектот е оценет со: **4+ *(истражување)***

**Изработиле:** Габриела Деолска, Сениха Имероска, Шадија Исовска, Џулизар Асаноска, Сабина Идризоска, Сабахета Исоска
**Дисеминатор:** Јован Трајковски

## ООЦК Дебар

# "Да го обновиме Бигорски"

Целта на овој проект беше да се обнови манастирот Бигорски со пакети хигиенски средства откако истиот беше опожарен неколку месеци пред тоа. Преку собирна акција, младинците собрале 2.528 денари со кои набавиле хигиенски средства и ги донирале во манастирот Св. Јован Бигорски.

Овој проект е оценет со: **4 *(идеја, истражување - )***

**Изработиле:** Наташа Мартиновска, Ангелина Василевска, Јасмин Мемедовски, Јасмир Мемедовски, Алдин Далиповски Неџла Изеировска, Џеврие Џеладин, Селма Ваитовска.
**Дисеминатор:** Јован Трајковски

## ООЦК Дебар

# "Помош за тројца инвалиди од исто семејство"

Целта на овој проект беше собирање на храна и облека за социјално загрозено лице Абиба од Дебар. За ова да биде реализирано била организирана хуманитарна акција за собирање на облека, храна и финансиски средства. Подоцна со собраните средства била купена храна во износ од 1.000 денари. Покрај тоа била донирана и облека за загрозеното лице.

Овој проект е оценет со: **4- *(документирање - )***

**Изработиле:** Релмина Мустафоска, Фатма Кадри, Елвис Мустафовски, Алмир Лимани, Самир Фетоски
**Дисеминатор:** Јован Трајковски

## ООЦК Делчево

## "Грам среќа во голема несреќа"

Целта на овој проект беше собирање финансиски средства за промена на ентериерот во собата на младиот Дарко како и негова емоционална и психичка поддршка. За постигнување на оваа цел беше организирана драма во градската кино-сала а беа обезбедени и две донации. Вкупно беа собрани 18.000 денари

Проектот е оценет со: **5 + + + + *(идеја, истражување, акција, ефект)***

**Изработиле:** Наталија Алексова, Кристина Вучковска, Александар Манасиев, Елена Филиповска и Ивана Начова
**Дисеминатор:** Весна Димитровска

## ООЦК Делчево

## "Чекор кон подобро здравје"

Целта на овој проект беше обезбедување на бесплатен ортопедски преглед за 104 граѓани од Делчево. Оваа цел била остварена во договор со директорот на ЈЗУ Гоце Делчев во Делчево. Трошоците за спроведување на овие прегледи биле покриени од предходно организираниот хуманитарен концерт преку кој биле собрани 6000 денари.

Овој проект е оценет со **5++++ *(идеја, истражување, акција, ефект, документирање* - )**

**Изработиле:** Светлана Такева, Ана Манасиева, Михаела Јовчева, Христина Стоименовска и Наташа Арсовска
**Дисеминатор:** Весна Димитровска

## ООЦК Делчево

## "Со надеж за Дарко"

Целта на овој проект беше да го спасат младиот Дарко од Делчево, од трајната парализа и да го обезбедат неговиот преглед во Истамбул на кој би се констатирало дали може да се изврши операцијата со помош на матични клетки. За остварување на оваа цел била направена магнетна резонанса, обезбеден биометриски пасош и изработен блог на кој граѓаните од Делчево можеа да донираат средства. Биле собрани 400 канадски долари од 4 семејства, организирана забава за денот на вљубените на кои беа собрани 6.000 денари и други донации од граѓаните.

Биле собрани вкупно 24.248 денари.

Овој проект е оценет со **5 + + + (идеја, акција, ефект)**

**Изработиле:** Ивана Начова, Александар Манасиев, Кристина Вучковска, Елена Филиповска и Наталија Алексова
**Дисеминатор:** Весна Димитровска

## ООЦК Делчево

## " За идните детски насмевки"

Целта на овој проект беше да се купат два клима уреди: едниот за гинеколошко-акушерското одделение при здравствениот дом Гоце Делчев и другиот уред за детската градинка во Делчево. Парите беа собрани организирајќи концерти. Собрани се 29.000 денари, купени се уредите и доставени се до споменатите институции, кои на децата им изразиле голема благодарност.

Овој проект е оценет со: **5 +++ *(идеја, акција, ефект)***

**Изработиле:** Катерина Антоновска, Ана Димитровска, Ирена Петровска
**Дисеминатор:** Весна Димитровска

## ООЦК Делчево

## Живееме и креираме заедно"

Овој проект пред себе си постави да ја прошири свеста кај младите за хуманитарно дејствување и им врачи пакети на 10-те најзагрозени семејства од Делчево. Учесниците во проектот во соработка со локалната самоуправа направија акција за подготовка на новогодишна забава во Делчево и од таму добија 8.000 денари и промоција на книга на Ана Димитровска од каде беа собрани 3.000 денари. Од вкупно собраните средства во износ од 11.000 денари беа направени пакети и врачени на семејствата. Во рамките на овој проект беа направени презентации на семејствата од целната група за опасностите од злоупотреба на алкохол.

Овој проект е оценет со: **5+ *(акција)***

**Изработиле:** Ана Димитровска, Борче Поповски, Симона Павловска, Бојана Петровска и Валерија Георгиевска.
**Дисеминатор:** Весна Димитровска

## ООЦК Кавадарци

## "Подари рака- заедно сме посилни"

Целта на овој проект беше да се подобри едукацијата на децата со посебни потреби од ОУ Страшо Пинџур од Општина Кавадарци. За реализација на овој проект беа донирани школски

материјали и прибори од печатницата Центрум, дрвена подвижна табла изработена и донирана од професорот Бранко Арсов, како и помош во облека собрана од учениците во истото училиште.

Проектот е оценет со: **5+++ *(идеја, акција, ефект)***

**Изработиле:** Коцева Благица, Душковска Велика, Јанчева Елена
**Дисеминатор:** Елизабета Иговска и Весна Крстева

## ООЦК Кавадарци

### "Ајде да си помогнеме"

Целта на овој проект беше приближување, запознавање и осознавање на децата со посебни потреби. За оваа цел при посетата на децата со посебни потреби беше одржан мини новогодишен концерт на кој им беа доделени новогодишни пакетчиња, кои беа добиени по пат на спонзорство. При втората посета биле однесени облеки за децата.
Овој проект е оценет со: **4- - *(истражување - , документирање - )***

**Изработиле:** Јованка Стојановска, Верица Петровска, Диме Спасов Даниел Димитров, Илија Бошков
**Дисеминатор:** Весна Крстева

## ООЦК Кичево

### „И ти можеш да бидеш дел од спасувањето на еден млад човечки живот"

Целта на овој проект беше да се придонесе што е можно повеќе за младиот 10 годишен Емил Новески од Кавадарци да се излечи од леукемија. За да се оствари оваа цел беше организиран хуманитарен концерт од страна на волонтерите од ООЦК - Кичево. За реализација на концертот беа повикани три културни друштва од Кичево кои потполно се согласија да ја дадат својата поддршка. Исто така биле вклучени и три рок групи од истиот град.

Беа собрани 16.100 денари кои подоцна беа уплатени на жиро сметка на малиот Емил

Овој проект е оценет со: **5 ++++ ☼ *(идеја, документирање, акција ,ефект)***

**Изработиле:** Милена Спасевска, Нерихан Чадороска, Емилија Манасиева, Ана Маркоска, Миниза Хајрулоска, Сања Стојаноска, Христина Ристеска.
**Дисеминатор:** Валентина Спиридоноска

## ООЦК Кичево

### "Караоке забава"

Целта на овој проект беше во рамките на ООЦК Кичево да се организира хуманитарна акција за седум самохрани мајки од Кичево. За да се оствари нивната цел беше склучен договор со кафичот Гламур за караоке забава, но за жал по краток период кафичот беше затворен. Но тие не застанаа тука и за период од една недела се договорија со кафичот Стефано.

За забавата беа информирани сите граѓани на Кичево, но исто така беа изработени и билети со цена од 30 денари.

Забавата беше организирана на 13 февруари 2010 година каде што акцијата беше успешно спроведена.

Овој проект е оценет со: **5+++** ***(идеја, истражување, акција)***

**Изработиле:** Весна Трајкоска, Младенка Пејовска, Анита Санџоска, Тања Штерјоска, Ивона Змејкоска, Силвија Раќипоска
**Дисеминатор:** Валентина Спиридоноска

## ООЦК Кичево

### "Очи отвори - види и покрај тебе има некој кој моли за твојата помош"

Целта на овој проект беше да се помогне на четири семејства самохрани мајки. Волонтерите на ООЦК - Кичево контактираа со центарот за труд и социјала каде што закажаа средба за да им се објаснат подетални информации за семејствата, но не ги добија бидејки се доверливи. Потоа беше контактиран психологот Гордана Србиноска која им помогна за да ги добијат потребните информации.

За каде да се одржи концертот се консултираа со директорот во домот на културата Кочо Рацин. Не им беше одобрено бидејќи загревањето е скапо. Бидејќи беа упорни повторно го замолија директорот и тој им дозволи.

Беа повикани неколку таленти од училиштата да ја забавуваат публиката.

Овој проект е оценет со: **5 +++** ***(идеја, истражување, документирање)***

**Изработиле:** Алка Неџиповска, Арбена Сулејмановска
**Дисеминатор:** Валентина Спиридоноска

## ООЦК Кичево

## „Насмевка на едно загрижено дете"

Целта на овој проект беше уредување на соба на едно дете без родители од многу сиромашно семејство. Собата е опремена со еден тепих, завеса, ламба, часовник и останатото што е потребно. Средствата беа собрани организирајќи продажба на јадења направени од страна на децата. На сирачето му беа дадени и 1.000 денари.

Овој проект е оценет со: **5+++ *(идеја, акција, ефект)***

**Изработиле:** Саранда Кадриу, Арта Асани, Арбен Чурати, Аделина Чурати, Арбенора Јусифи, Арберета Цифуни, Ариана Салиу
**Дисеминатор:** Валдете Адилика

## ООЦК Кичево

## „Хуманоста помага"

Целта на овој проект беше да му се помогне на едно сиромашно дете. За да се оствари оваа цел беше организирана собирна акција преку која беа собрани 250 евра. Со собраните средства беа купени 2 вреќи брашно, 4 пакети зејтин, 6 паковки јајца и други прехрамбени артикли кои беа доволни неколку месеци да се задоволи гладта.

Овој проект е оценет со: **5++ *(идеја , ефект)***

**Изработиле:** Јета Кадриу, Шќипоња Емини, Јехона Валажи
**Дисеминатор:** Валдете Адили

## ООЦК Кичево

## "Еден ваш мал придонес некому може да донесе голема радост"

Целта на овој проект беше да се донесе мала предновогодишна радост на лицата на 17 деца од домот за деца со посебни потреби. За да се оствари оваа цел беше реализирана креативна работилница за изработка на предновогодишни честитки кои подоцна беа продавани. Со собраните средства беа купени пригодни предновогодишни пакетчиња за сите деца од домот.

Овој проект е оценет со: **5+ *(идеја)***

**Изработиле:** Ивана Лазеска, Елена Наумоска
**Дисеминатор:** Валентина Спиридоновска

## ООЦК Кичево

## “Charity Dols”

Целта на овој проект беше помош на едно социјално загрозено семејство од с. Аранѓел. За да ја постигнат оваа цел групата организираше креативна работилница за изработка на текстилни кукли. Ниту еден од членовите на групата не знаеше да шие, но со заеднички напор успеаа да ја совладаат оваа техника и на многу креативен начин да изработат 50-тина полнети куклички од текстил. Подоцна организираа базаар каде ги продаваа своите креативни дела. Со собраните средства беше обезбедена мала помош за семејството кое го избраа за своја целна група.

Овој проект е оценет со: **4++ *(идеја, акција)***

**Изработиле:** Аидана Сејдини, Дорутина Зендели, Шќипана Каса, Пембе Зенки, Мелек Пурелки
**Дисеминатор:** Валдете Адилика

## ООЦК Кичево

## “Парк со јоргovани”

Целта на овој проект беше садење на 30 јоргованi во паркот на пензионерите во Кичево. Со овој прокет членовите на проектот им овозможија на сограѓаните подобар поглед на нивниот град, но и место за релаксација на старите луѓе.

Овој проект е оценет со: **4++ *(идеја, истражување)***

**Изработиле:** Нертила Арифи, Мирлинда Далипи, Атџе Јанизи, Сабија Бобеска, Арбереша Алиу.
**Дисеминатор:** Валдете Адили

## ООЦК Кичево

## “Мисли и за другите”

Целта на оваа група беше да се овозможи магнетна резонанца на 16 годишно момче од Кичево со тумор на нога. За да ја постигнат оваа цел групата организираше хуманитарна забава со цел да соберат пари и да му помогнат на детето.

Собрани беа 7.000 ден.

Овој проект е оценет со: **4++ *(идеја, ефект)***

**Изработиле:** Арсим Ахмеди, Јетон Јашари, Фатон Салију
**Дисеминатор:** Валдете Адили

## ООЦК Кичево

## “Средба на учителката Сачије Фејза со нејзините ученици”

Целта на овој проект беше емотивна средба на најстарата учителка во Кичево со нејзините ученици. За оваа цел да се оствари беше направена собирна акција преку која беа собрани 4.800 денари, кои потоа беа искористени за организирање на средбата.

Овој проект е оценет со: **4++ *(акција, ефект)***

**Изработиле:** Азизе Летнику, Исмаил Алили, Газмент Икали.
**Дисеминатор:** Валдете Адили

## ООЦК Кичево

## ” Хуманитарна фото изложба ”

Целта на овој проект беше да се помогне на дете со церебрална парализа, преку собирање на финансиски средства потребни за операција. За оваа цел да се оствари младинците организираа хуманитарна изложба во домот на културата во Кичево и на истата собраа 1.650 денари.

Овој проект е оценет со: **4+ *(идеја)***

**Изработиле:** Сандра Ѓукиќ, Симона Миловановска, Жарко Стефановски, Виктор Софрониески-
**Дисеминатор:** Валентина Спиридоноска

## ООЦК Кичево

## “Разлики меѓу животот некогаш и сега”

Целта на овој проект беше да се покаже позитивен пример во зедницата дека и младите се интересираат за светот околу нив. За да се реализира оваа цел младите кои го изработуваа овој проект се договорија со локалното ТВ да им дадат одредена минутажа еднаш на 2 недели во тек на 2 месеци да прикажуваат емисија за млади каде ќе се покажат различни активности кои ги прават младите во Кичево. Младите успееја да снимат еден документарец во едно село кај сто имало некои кукји кои ги чувале старите алатки, правеа интервју со неколку старци кои показуваа за што слузаат тие алатки. За жал документарецот не се даде на телевизија.

Овој проект е оценет со **3- *(истраживање-)***

**Изработиле:** Хума Ахмеди, Леонора Лутфиу, Ајше Асани, Фатиме Ајрулаи, Ветон Зибери, Бетим Реџепи
**Дисеминатор:** Валдете Адили

## ООЦК Кочани

## " Тешко е да се биде различен од другите"

Целта на овој проект беше помошта на четиричленото социјално загрозено семејство од село Бели, Кочанско, кои биле во многу тешка ситуација и живееле во скоро целосно руинирана куќа. Оваа група му помогна на ова семејство со поправка на штетите, и со собраните средства на кои им донесоа подобрување на живот.

Овој проект е оценет со: ***5 ++++ ☼(идеја, документирање, акција, ефект)***

**Изработиле:** Бети Прошева, Викторија Прошева, Кристина Пешевска, Бојан Ангелов, Тоше Стојанов, Љупка Стефанова.

## ООЦК Кочани

## "Секој сака да има кров над глава"

Целта на овој проект беше помошта на Берџијан Далипов и неговото семејство, бидејќи им изгорела до темел куќата во која живее 7 membered семејство. Преку собирна акција беа собрани 11.000 денари, организиран беше фудбалски турнир за наставниците и учениците од ОУ Раде Кратовче од каде беа собрани 7.140 денари, а воедно беа обезбедени донации за печатење на плакати и освежителни пијалаци и банички за учесниците на турнирот. Од соучениците беа донирани 500 денари и облека за семејството. Обезбедена е и донација од 6 половни прозорци од матичната библиотека Искра од Кочани.

Овој проект е оценет со: **5++++ ☼ *(идеја, документирање, акција, ефект)***

**Изработиле:** Симеон Захариев, Елена Петрова, Ели Стаменкова, Благица Захариева, Дијана Илиева

## ООЦК Кочани

## " Подај рака - подари среќа"

Целта на овој проект беше помошта и вниманието на лица од општина Облешево, кои се социјално загрозени. Оваа група ја постигна својата цел со разубавување на Новогодишната вечер и Бадник и со подобрување на условите за животот на семејствата.

Овој проект е оценет со: **5 +++ *(идеја, акција, ефект)***

**Изработиле:** Ангел Мојсоски, Катерина Крстова, Сања Ристова.

## ООЦК Кочани

## „Со хуманост до подобар живот”

Целта на проектот беше помош на финансиски загрозеното семејство Спасови од с. Спанчево, Кочанско. Собрани беа вкупно 7.285 денари со кои беа купени маса, шкафче, завеси, корниза, боја за врати, садови за домаќинство, хигиенски пакет, вар, подна мушама и платени беа услуги за белење, а воедно се донирани и две врати.

Овој проект е оценет со: ***5+ (акција, ефект, документирање - )***

**Изработиле:** Петрова Викторија, Миладинова Рената, Стојанова Деспина, Василева Деспина.

## ООЦК Кратово

## "Реконструкција и санација на стар дрвен мост во градскиот парк КАРШИ БАВЧА "

Членовите на ООЦК Кратово организираа реконструкција и санација на стар дрвен мост во гратскиот парк Карши Бавча. Нивната цел беше оригинална, а нивната целна група беше одлична бидејќи се заснова на сите граѓани од град Кратово. Тие ја подобрија инфраструктурата на мостот. Мостот исто така беше и израмен и декориран од страна на волонтерите од Кратово.

Овој проект е оценет со: ***5 + + + (идеја,акција, ефект)***

**Изработиле:** Младен Мицевски, Кристијан Јовановски, Мартин Мицев, Антонио Симоновски, Александра Давиткова, Кристина Божинова.
**Дисеминатор:** Гоце Стојановски

## ООЦК Кратово

## "Изложба на еколошки фотографии од Осоговските планини-флора и фауна"

Целта на овој проект беше промовирање на природните убавини на Осоговските планини. Беа изработени 20 фотографии со поддршка на фотографскиот дуќан Јована и столарскиот дуќан Бело Дрво кој помогна во изработка на рамки за фотографиите. Изложбата беше одржана во Домот на културата во Кратово.

Овој проект е оценет со: **2 *(фаза 3: идеја - ,истражување - , документирање - )***

**Изработиле:** Марија Стојановска, Младен Мицевски, Стефанија Владимирова, Христина Арсовска, Љубомир Јовановски
**Дисеминатор:** Гоце Стојановски

**ООЦК Крива Паланка**

## "Добрата волја и желбата за помош спасува живот"

Целта на овој проект беше да му се помогне на еден соученик од втора година во гимназијата Горче Петров со собирање на парични средства во гимназијата за оперирање на неговиот желудник. За да се оствари оваа цел беше организирана собирна акција за доброволна парична донација.

За овој проект беа собрани 24.960 денари.

